**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА**

## ➢ ЛАБОРАТОРИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА






### Краток опис на лабораторијата и нејзината намена

Лабораторијата за безбедност и здравје при работа е наменета за реализација на курсеви и обуки од областа на заштита на животната и работната средина, обуки за безбедност и здравје при работа, како и за изведување на мерења на различни параметри во животната и работната средина.

### Опрема со која располага лабораторијата

**METREL MULTINORM MI 6201** - Универзален инструмент за мерење на температура на воздух, релативна влажност на воздух, брзина на струење на воздух, осветлување и бучава, и термометар со црно тело за мерење на топлотен флукс.

**TURNKEY DUSTMATE**

Мобилен инструмент за мерење на цврсти честички (прашина) во атмосфера во параметри PM10; PM2.5; PM1 и вкупна прашина во воздух.

**MRU OPTIMA 7**

Рачен анализатор на чадни гасови кој поддржува симултано мерење на следните параметри на чадните гасови: $O_2$; $CO$; $CO_2$; $NO_x$; $H_2S$.

### Какви научно-истражувачки и апликативни проекти може да извршува лабораторијата?

Лабораторијата за безбедност и здравје при работа, кадровски и со опремата со која располага, може да реализира истражувачки проекти од областите поврзани со заштита на животната и работната средина. Исто така, може да врши периодични мерења на физички и микроклиматски услови во работна средина, изработка и спроведување на програми за обуки на вработени за безбедно извршување на работата, редовно тестирање и контрола на опрема за работа, изработка на Елаборати за безбедност и здравје при работа. Од апликативна страна, лабораторијата и нуди на бизнис заедницата решавање на практични проблеми и развој на проекти од областите на нивен интерес, а во корелација со безбедност и здравје при работа.